**20262183545**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3) и член 183 став (6) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на РСМ“ бр.135/2025, 269/2025 и 132/26), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 3.9.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ НА ДИГИТАЛНИ ИНТЕРАКТИВНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ УСЛУГИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишува интероперабилноста на дигитални интерактивни телевизиски услуги.

Член 2
**(употребени изрази)**

(1) Изразите употребени во овој Правилник, го имаат следното значење:

1. Напредна дигитална телевизиска опрема е прилагодувачка опрема (сет-топ бокс), што служи за поврзување на телевизиски приемници или интегрирани дигитални телевизиски применици кои овозможуваат прием на дигитални интерактивни телевизиски услуги.
2. Интерактивни услуги се услуги кои опфаќаат електронска трговија, електронско банкарство, интерактивни игри, интернет портали и други услуги.
3. HbbTV (Hybrid Broadcast Broadband TV) - стандарден европски систем за интерактивни телевизиски услуги.
4. Апликациски програмски интерфејс (АПИ) е софтверски интерфејс меѓу апликациски програми кој е направен да биде достапен од страна на радиодифузери или даватели на услуги и средства на напредна дигитална телевизиска опрема за дигитални телевизиски и радио услуги.
5. Телевизиска услуга со формат на широк екран е телевизиска услуга која се состои целосно или првенствено од програми што се произведени и уредени да се прикажуваат во полна висина на екрани со широк формат. Форматот 16:9 е референтен формат за услугите за телевизија на широк екран.
6. EPG (Electronic Program Guide) – електронски програмски водич.

(2) Другите изрази употребени во овој Правилник, имаат исто значење како што е определено со Законот за електронските комуникации.

Член 3
**(интерактивни телевизиски услуги)**

(1) Операторите на јавни комуникациски мрежи кои обезбедуваат пренос на дигитални телевизиски услуги, во согласност со своите бизнис планови, самостојно одлучуваат за

моделите на соработка со давателите на интерактивни телевизиски услуги на пазарот се со цел на корисникот- гледачот да му се овозможат дополнителни услуги како и да се промовираат интерактивните услуги за лицата со посебни потреби.

(2) Овие услуги се во насока и на зголемување на бројот на корисници и подобро искористување на можностите кои ги нуди дигиталната технологија.

(3) Операторите обезбедуваат интерактивни услуги согласно отворени стандарди, вклучително HbbTV.

(4) Интеракцијата со ТВ-програмите се реализира преку комуникација помеѓу корисникот и софтверот кој е инсталиран на напредната дигитална телевизиска опрема или сет-топ бокс кој поддржува отворени стандарди, вклучувајќи HbbTV.

(5) Интерактивните услуги се достапни само за корисници со напредна дигитална опрема, без разлика дали се работи за сателитска, кабелска или дигитална терестријална.

Член 4

**(Дигитални радио и телевизиски услуги, интероперабилност на дигитални интерактивни телевизиски услуги)**

Јавните комуникациски мрежи преку кои се обезбедува пренос на дигитални телевизиски услуги треба да се планираат на начин со кој ќе се обезбеди пренос на телевизиски услуги и програми со формат на широк екран. При приемот и при повторниот пренос на телевизиските услуги или програми, операторите треба да го задржат форматот.

Член 5

**(Меѓусебна операбилност на дигитални интерактивни телевизиски услуги)**

Обезбедувачите на дигитални интерактивни телевизиски услуги, без оглед на начинот на пренос се должни да користат отворен API, согласно ETSI TS 102 796 v2.0.4. Корисникот има опција да овозможи или оневозможи HbbTV функционалност. Поддршка за истовремен приказ на апликации и текстуален приказ на говор е задолжителна. Поддршка за DRM Widevine се обезбедува согласно релевантните стандарди.

Член 6

**(достапност до информации)**

(1) Операторите на апликациски програмски интерфејс (API), треба под праведни, разумни и недискриминаторски услови, и за соодветен надоместок, да ја стават на располагање секоја информација што е потребна за да се оспособат давателите на дигитални интерактивни телевизиски услуги да ги обезбедат во целосно функционален облик сите услуги што API ги подржува.

(2) За приказ на содржината, операторот е должен да обезбеди API и EPG под праведни, соодветни и недискриминаторски услови.

(3) EPG е потребно да го поддржува кириличниот блок UTF-8 од множеството на карактери според стандардот Unicode ISO10646. За приказ на латинични карактери, потребно е да има поддршка според ISO6937 стандардот за множеството на карактери.

Член 7
**(завршни одредби)**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република С. Македонија". Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за интероперабилност на дигитални интерактивни телевизиски услуги („Сл. весник на РМ" бр.171/14).

(2) По влегувањето во сила, Правилникот ќе биде објавен на веб-страната на Агенцијата.

Бр. 0101-664/20
3 септември 2026 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за електронски комуникации,
**Нусрет Халити,** с.р.